РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Општинско осн[illegible] „РИСТО ШУКЛЕВ"
Бр 01-239/6
06.07.2023 год.

Врз основа на член 129, став 4 од Законот за основно образование, (Сл.весник на РМ бр. 161/19 и бр.229/2020г). и член 92 од Статутот на ООУ „Ристо Шуклев“ – Негорци, училишната комисија за спроведување самоевалуација на училиштето изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**на работата на училиштето во периодот од учебна 2021/22 до 2022/23 година**




По завршувањето на учебната 2022/23г. ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци изготви Самоевалуација на работата на училиштето, што претставува законска обврска. Од извршената Самоевалуација, училишната комисија формирана од Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето го изготви Извештајот кој ќе го достави до Училишниот одбор, директорот и основачот. Комисијата е составена од 5 члена: Венци Попов, Јованка Тодоровска (наставници), Љубица Танова, (педагог), Слаџана Ѓоргиева (специјален едукатор) и Ристо Демерџиев (родител).

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од Државен просветен инспекторат.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето, да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси, за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се допринесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на дефинираните индикатори за седумте области од дејноста на училиштето, а тоа се:

1. *Наставни планови и програми*
2. *Постигање на учениците*
3. *Учење и настава*
4. *Поддршка на учениците*
5. *Училишна клима*
6. *Ресурси*
7. *Управување, раководење и креирање политика*

Секоја област беше анализирана според индикатори за квалитет за соодветните теми што се следат во училиштето.

Врз основа на добиените согледувања и констатации се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

До информации и податоци за квалитетот на остварувањето на активностите од сите подрачја на самоевалуацијата, се дојде преку следење на педагошка евиденција и документација, следење на планирањата и реализацијата на наставата и другите вонннаставни активности, ресурсите со кои располага училиштето, разговори, набљудувања, анкети, анализи, извештаи и други извори на податоци.

Од Самоевалуацијата на училиштето ќе ги истакнеме добиените резултати по области и теми:

## 1. Наставни планови и програми

Оваа област е анализирана според 3 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

1.1. *Реализација на наставните планови и програми;*
1.2. *Квалитет на наставните планови и програми;*
1.3. *Вонннаставни активности;*

1.1. Врз основа на извршените проверки и набљудувања на првиот индикатор, беше констатирано дека училиштето ги применува соодветните важечки наставни планови и програми донесени од МОН за секој наставен предмет. Во учебната 2021/2022г. со учениците од прво и четврто одделение, а во учебна 2022/23г. и во второ и петто одделение наставата се реализираше според Новата концепција за основно образование. Од трето до деветто одделение се реализираше според стариот наставен план и програма за основно образование.

Секој наставник на првиот час ги запознава учениците со содржините, целите и задачите на наставната програма по соодветниот предмет, а родителите ги информира на состаноци на Совет на родители и на родителски средби. За поконкретно запознавање со содржините им се посочува веб страната на БРО каде можат да го разгледаат наставниот план и програма.

Знаењата и вештините кои треба да ги постигнат учениците со Наставните програми се планирани на неколку нивоа. Зависно од способностите на учениците, наставниците ги прилагодуваат барањата за да ги мотивираат и ангажираат сите ученици, а за учениците со посебни образовни потреби се изготвува и се работи според Индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма.

Освен задолжителните предмети, учениците изучуваат слободни изборни предмети. Во одделенска настава според Наставниот план и програма во учебната 2021/2022 година во прво и четврто одделение според новата Концепција предвидени и реализирани беа: во прво одделение часови од слободни изборни активности (активности за личен социјален и емоционален развој), а во четврто одделение беа реализирани два слободни изборни предмети еден во прво и еден во второ полугодие. Во учебна 2022/23г. во петто одделение се изучуваа изборните предмети

заштита на животна средина и разрешување конфликти. Во VI одд. учениците следеа настава по изборниот предмет запознавање на религии, во VII одд. проекти од музичка уметност, во VIII одд. проекти од ликовна уметност, а во IXа и IXб одд. вештини на живеење.

Учениците од второ до деветто одделение според редовната наставна програма реализираа часови од животни вештини на одделенскиот час и изборните предмети.

Од I - IV одд. во реализацијата на наставата по физичко и здравствено образование вклучен е и предметен наставник.

Училиштето реализира проширени програми односно има организирано прифаќање на учениците од I одд. еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршувањето на наставата. Се организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат послаби резултати и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и способности за проширување на своите знаења. Наставниците на часовите реализираат содржини со примена на ИКТ, часови со интегрирани содржини од ЕКО стандарди и проектот МИО, се реализираат и активности од проектот за самозаштита од елементарни непогоди во соработка со Дирекција за заштите и спасување, каде учениците се стекнуваат со вештини за правилно и навремено реагирање, а во соработка со родителите се изведуваат активности од проектот „ Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“. Последниве неколку учебни години во VIII и IX одд. преку вонннаставни активности по граѓанско образование, се реализираат содржини од Програмата за антикорупција едукација и активности за отворен ден за граѓанско образование. Училиштето стана членка на Вело училиште од 2021 година, според програмата на проектот овие две учебни години се реализираа повеќе активности со учениците од шестто одделение, а годинава беа реализирани практични вежбовни активности со учениците од прво до петто одделение.

1.2. Родовата и етничка рамноправност е потенцирана со задачите од наставните програми и во реализацијата се истакнува како многу важна карактеристика на нашата држава за градење соживот и почитување на мултикултурните обележја на сите народи во светот. Со воведување на проектотот за Меѓуетничка интеграција во образованието од учебната 2013/2014 год. училиштето реализаира соодветни содржини низ наставните и вонннаставните активности, а од учебната 2015/2016, беше потпишан меморандум за партнерство со ООУ„ Кочо Рацин “ – Нов Дојран. Со заеднички активности, учениците и наставниците од двете училишта ја продлабочуваат и зацврстуваат соработката. Беше изготвен Акционен план и Стратегија за МИО. Оваа учебна година повторно беше потпишан меморандум за соработка и се аплицираше за добивање грант за реализирање на заедничка активност, но грантот не беше одобрен.

Во наставите програми се интегрирани карактеристики и потреби на локалната средина во содржините за непосредната околина, организациската поставеност на локалната самоуправа, потребите од заеднички придонес за напредок и просперитет на локалната средина и пошироката околина.

Постои интегрирање на општи меѓупредметни цели на образованието во содржини од задолжителните, изборните предмети и вонннаставните активности, со цел развивање и поттикнување самодоверба, одговорност, иницијативност, почитување на разликите и правата на сите заедници и јакнење на свест за припадност на РСМакедонија.

Наставниците и родителите во заедничка соработка ги разгледуваат наставните програми за кои дискутираат на ниво на Стручни активи, Одделенски и Наставнички совет, Совет на родители, а забелешките и сугестиите се пренесуваат на советници од БРО на заеднички средби и семинари. Наставниците имаа можност да го кажат своето мислење преку анкети и дебата по прашања од МОН во врска со вонннаставните активности, измените во предлог законот за основно образование и предлог новата концепција за основно образование. Но досега немало поконкретно влијание од страна на наставниците и родителите врз наставните планови и програми.

1.3. Училиштето со Годишната програма планира вонннаставни активности, и истите се реализираат во текот на годината. Тоа се слободните ученички активности, ученички натпревари и екскурзии низ кои се влијае на личниот и социјален развој на учениците и им се овозможува да ги задоволат своите потреби и интереси за докажување и напредување. Во учебната 2020/2021 не се организираа екскурзии заради мерките за заштита од Корона вирусот, а во учебна 2022/2023 година, учениците реализираа еднодневни и повеќе дневни екскурзии низ Македонија.

Со Наставниот план од МОН не се планирани часови од слободни ученички активности, па наставниците планираат содржини од секции во обем и структура како што се предвидени со Концепцијата на основното образование и Концепција за вонаставни активности.

Скоро сите ученици независно од полот и социо-економскиот статус се опфатени во вонаставни активности. Секој зависно од своите интереси и способности е вклучен во работата на некоја секција. На ученичките натпревари учествуваат оние кои имаат желба да се натпреваруваат, но и оние кои се докажале дека располагаат со знаења или вештини кои се потребни за учество на натпревар или конкурс на ученички трудови.

Учениците се вклучени во изборот и планирањето на работата на вонаставните активности. Тие предлагаат интересни содржини и активности преку кои најдобро ќе ги покажат своите способности (во работата на секциите), учествуваат во целокупната организација и подготовка на приредби и јавни настапи за презентирање на постигањата, меѓусебно си помагаат во подготовки за учество на натпревари, даваат сугестии за поуспешно изведување на екскурзии.

Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари и литературни и ликовни конкурси. Постигнатите резулати се лична мотивација за секој ученик, но и афирмација за наставниците и училиштето. Резултатите од работата на секциите се презентираа на јавни манифестации – културно-уметнички програми, спортски натпревари, хорски и оркестарски смотри, ученички изработки и трудови истакнати во училишниот простор и пошироко, а во последните две години презентирањето на постигањата се одвиваше онлајн преку официјалната фејсбук страна и веб страницата на училиштето.

## 2. Постигања на учениците

Оваа област е анализирана според 3 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*2.1. Постигања на учениците;*
*2.2. Задржување/Осипување на учениците;*
*2.3. Повторување на учениците;*

2.1. Постигањата на учениците се следат континуирано по секој наставен предмет во секое одделение. За секој квалификационен период добиваат описна или бројчана оценка во зависност од законската обврска за соодветното одделение. Наставата се изведува на македонски јазик. Според етничката припадност еден ученик е Ром, еден Албанец и еден Турчин, останатите 182 ученика се Македонци.

Училиштето ги подобрува постигањата на учениците со максимално вложување и ангажирање наставата да биде интересна, нагледна и мотивирачка, со постојани укажувања за потреба од сткнатите знаења и вештини за лична надградба на својата личност и основа за натамошно образование, како и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот и работа.

Уште со уписот на учениците во I одд. се идентификуваат ученици кај кои се забележуваат одредени ограничувања во развојот, посебни образовни потреби или пак изразени напредни способности. Педагогот ги запознава одделенските наставници и дефектологот со ваквите случаи и понатаму се следи нивното прилагодување односно напредување во наставата. Доколку има потреба се бара мислење од соодветни стручни лица и институции, а деца кај кои се изразени попречености во развојот, се упатуваат до МКФ за функционална проценка на способностите. Следењето се врши индивидуално, преку набљудување од страна на одделенскиот раководител, наставниците, како и при увид од директорот и педагогот, се следи однесувањето и учество во процесот на наставата. Дефектологот врши опсервација со цел да се идентификуваат учениците со попреченост, потешкотии во учењето и со неправилна артикулација на гласовите. Заеднички се коментира и се дава оценка и препорака за приодот и тежинското ниво на барањата од овие ученици. Исто така се комуницира и со родителите со совети и насоки за помош во совладувањето на барањата од наставната програма.

За подобрување на постигањата на учениците училиштето ги мотивира пред се со истакнување на придонесот за личен напредок и вложување во сопственото образование и формирање на продуктивна личност. Тоа се постигнува со ефективно работење на часовите од

задолжителна настава, дополнителната, додатната, часови од СУА, подготовка и учество на ученички натпревари, конкурси, приредби. Материјалното мотивирање е скромно. Јавно им се доделуваат пофалби и награди на учениците кои се истакнуваат со одличен успех, со посебно ангажирање во наставата, како и оние кои учествуваат и постигнуваат резултати на ученички натпревари и конкурси. Секоја година се избира ученик на генерацијата. Наставниците настојуваат да побудат кај учениците поголем интерес за стекнување повисоки знаења и вештини со примена на современи наставни средства, форми, методи и техники на работа со што ја прават наставата поинтересна и за учениците. Сите наставници применуваат ИКТ во наставата зависно од сопствените планирања и можности.

Училиштето го следи преминот на учениците од еден во друг циклус посебно од одделенска во предметна настава, се дискутира за воочените промени и надминувањето на истите.

Успехот на учениците ќе го претставиме според Годишниот извештај за учебната 2022/23г. и тоа споредбено со минатогодишниот по предмети и по одделенија односно генерации.

Од I-III одд. учениците описно се оценуваат. Во IV одд. во паралелката во Негорци е постигнат среден успех од 4,61, во Прдејци 4,36 а во Кованец 4,64. Во V одд. во Негорци средниот успех е 4,36 во Прдејци е 4,86 а во Кованец е 4,50. Збирно средниот успех на учениците од IV и V одд е 4,47 кое споредено со минатата година е за 0,14 повисок.

Во вишите одделенија од VI-IX одд. постигнат е среден успех 4,31 кој е за 0,18 повисок од минатогодишниот успех. Годишниот успех во VI одд. е 4,41 за 0,08 повисок од лани, во VII одд. 4,3 за 0,07 повисок од лани, во VIII одд. најнизок 3,85 за 0,01 повисок од лани.
Збирниот успех од IV-IX одд. изнесува 4,37 и е повисок за 0,18 од минатогодишниот. Споредувајќи го успехот по генерации, зголемувањето на успехот кај учениците е резултат на наставата со физичко присуство (за разлика од Ковид пандемијата), редовноста на учениците но секако дека влијаат и други фактори како што се новите наставни предмети, разни начини и приоди во работењето како и составот односно способностите на учениците.

Успехот по предмети во вишите одделенија е највисок по иновации 4,87, а најнизок е по физика 3,58. Поголема негативна разлика во однос на другите предмети има кај проекти од ликовно, за 0,28 понизок успех од минатата година, а најголема позитивна разлика има кај вештини на живеење, цела една оценка - 1,18. Во одделенска настава за 4 и 5 одд највисок успех е постигнат по предметот ФЗО 4,91 и истиот е за 0,01 повисок од минатогодишниот, а најнизок успех има по математика и природни науки со ист среден успех 4,06 од кој математика е за 0,14 повисок и природни науки 0,21 повисок. Негативна разлика се појавува само кај предметот англиски јазик каде разликата е за 0,06 понизок. Разликите воглавно се појавуваат со промена на наставник по одреден предмет што се должи на различен критериум, начин на предавање, оценување и меѓусебен однос помежу учениците и наставникот. Вообичаено беше поголеми разлики да се јавуваат во премин од V во VI одд. но не е секогаш случај, имајќи во предвид дека и во V одд. покрај одделенскиот наставник, настава изведуваат уште 4 предметни наставници, па учениците веќе се прилагодена на тоа.

Во поглед на општиот успех на учениците во IV- V одд. поголемиот дел од учениците 61,7% се одлични, 29,8% многу добри, 8,5%, а добри, доволни или со слаби оценки нема. А од VI- IX одд. 57,7% се одлични, 21,8% се многу добри, 19,2% добри и 1,3 % доволни, со слаби нема. Збирно процентот на одлични ученици е 59,2%, многу добри 24,8%, добри, 15,2% и 0,8% доволни. Нема повторувачи.

Споредбата на резултатите од полугодишниот и годишниот успех по наставни предмети и одделенија, училиштето ја врши за тековната и претходната учебна година.
2.2. Опфатот на ученици е 100 процентен. Некои обврзници не се запишани во нашето училиште но поради промена на местото на живеење, запишани се во друго училиште во нашата или во друга општина и обратно. Во врска со ова прашање училиштето соработува со општината, МВР, ДПИ, другите училишта и семјствата.
Редовноста на учениците се евидентира од страна на секој одделенски раководител, се контактира со родителите и редовно се анализира со Извештаите на училиштето. Оправданите изостаноци варираат според состојбите со здравствените промени кај учениците, а неоправданите изостаноци се добиени од неколку ученици кои нередовно ја следеа наставата или за доцнење на час. На учениците и нивните родители им е укажано навремено за оваа појава.

Оваа учебна година 5 ученика прекинаа да ја следат наставата поради преселба во странство,а еден ученик е новозапишан во текот на учебната година.
При премин на ученици од едно во друго училиште се постапува според законските одредби со добивање односно барање согласност од училиштето за премин со образложение на причините за преминување, доставување преведница, и известување на училиштето за запишување на ученикот по воведување на ученикот во главна книга.

2.3. Веќе подолго време ниту еден ученик нема повторувано. Се информираат учениците и родителите за постигнатиот успех и за правото на поднесување жалба за одредена оценка. Досега немаме таков случај.

## 3. Учење и настава

Оваа област е анализирана според 6 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*3.1. Планирања на наставниците;*
*3.2. Наставен процес;*
*3.3. Искуства на учениците од учењето;*
*3.4. Задоволување на потребите на учениците;*
*3.5. Оценувањето како дел од наставата;*
*3.6. Известување за напредокот на учениците;*

3.1.На почетокот на учебната година се даваат насоки за изготвување на планирањата на наставниците. Планирањата се усогласуваат со препораките од БРО и ДПИ за начинот на изготвување на истите и се доставуваат навреме. На ниво на стручни активи се одредуваат начините на изготвување на планирањата, корелација помеѓу содржини и предмети. На почетокот на учебна година наставниците изготвуваат и доставуваат годишни глобални, тематски односно тематско-процесни, а во текот на учебната година изготвуваат дневно-оперативни планирања. Во нив се опфатени сите потребни елементи на планирање, очекуваните резултати од реализацијата, како и критериумите, начините и инструментите на оценување, план за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, план за примена на ИКТ во наставата и план за реализација на часови со содржини со меѓуетничка интеграција во образованието (МИО). Освен за задолжителната настава, изготвуваат и планирања за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности, план за соработка со родителите. Сите планирања ги следат директорот и педагогот во училиштето со укажување и сугестии за воочени пропусти, истите се на располагање и на советници од БРО и инспектори на ДПИ. Училиштето им дава поддршка на наставниците за поефикасно планирање на наставните содржини преку информирање пред сè за законските обврски, новини и измени во делот на планирањето, упатување на учество на организирани семинари и обуки од БРО или други организатори, обезбедување просторни и материјални услови за непречено планирање. Од учебната 2021/2022г. секој кабинет е опремен со десктоп компјутер и во секој кабинет има оптички интернет за да може непречено да се одвива наставата. Секој наставник има своја училница-кабинет каде ги има основните средства и помагала за да може да планира на кој начин ќе ги реализира содржините, секој може да користи фотокопир, компјутер, ЛЦД телевизори, принтер, хартија). Секој наставник има наставен план и програма, кој му помага при планирањето на наставните содржини. Поддршка добиваат од меѓусебната соработка со колегите од стручните активи, како и од страна на директорот, педагогот и дефектологот. Од 2022/2023 г. училиштето има назначен наставник ментор, кој исто така им помага на наставниците во наставата. Размена на искуства и информации за планирањето, наставниците вршат преку консултации на состаноци со колегите на ниво на стручен актив од соодветни и сродни предмети од нашето училиште и со колеги од други училишта, размена на стручна литература и по согледувањата на одредени недостатоци од реализацијата на планирањата. Исто така дел од наставниците следат и разменуваат искуства преку интернет со други национални и меѓународни сознанија кои можат да дадат нови видици за подобрување на квалитетот во наставата.

Во училиштето се изготвуваат распореди за часовите од задолжителната и изборна настава, за часови од додатна и дополнителна настава и за СУА. Нив ги изготвува одреден наставник во соработка со директорот, педагогот , одделенските и предметните наставници, а ги има во предвид можностите и интересите на учениците. Фондот на часовите е зголемен, а тоа го отежнува составувањето распоред за додатна, дополнителна настава и СУА , со што учениците понекогаш остануваат и до осми час кога концентрацијата и можноста за учење е намалена. Тогаш и ефектот од дополнителната односно додатната настава е минимален или незначителен. Секогаш не може да биде идеално испланирано затоа што повеќето наставници предаваат и во други училишта, а тоа го отежнува изготвувањето на распоредот.

3.2.Во реализацијата на наставата се користат разни форми, методи и техники зависно од карактерот на содржините: работа во групи, во парови, индивидуална работа, вежби, практични активности, користење на ресурси, со примена на постојните нагледни средства и помагала. Со опремувањето на одредени кабинети во предметна и во одделенска настава во централното училиште, како и училниците во подрачните училиште во Кованец и Прдејци, со компјутери и ЛЦД телевизори, зголемена е примената на компјутерите во наставниот процес и ИКТ има поголема примена во процесот на стекнување знаења и вештини кај учениците. Наставниците користат деск топ компјутери и своите лични лап топи, кои ги користат за изготвување сопствени планирања, како и наставни содржини со примена на ИКТ, разни презентации, пребарување информации на интернет и др. При реализацијата на наставните содржини појдовни се целите и задачите предвидени со Наставната програма. Наставната програма од I одд. до V одд. е нова, со исклучок на III одд. Зависно од способностите на учениците, наставниците ги прилагодуваат барањата, но сепак настојуваат да се постигне потребниот минимум за учениците кои потешко напредуваат, но за оние кои можат да совладат продлабочени знаења, тие планираат посебни задачи и активности. Ги насочуваат на користење друга литература, или информации од интернет.

За поголема активност и мотивација за учество на учениците во процесот на учење, наставниците користат разни форми за интеракција со учениците (онлајн квизови, интерактивни игри, поставување прашања, водење дискусуии, индивидуална настава, повратни информации и други методи). Им ги истакнуваат целите и очекувањата од наставата, критериумите за оценување, градат доверба и почитување на личноста, а со тоа и поголема активност од учениците.

Наставниците имаат подеднаков пристап кон учениците независно од социјално-економскиот статус, полот, или неговите постигања. На секого му се обраќа потребното внимание и му се помага да го постигне она ниво на знаења кое е во неговите можности.

Во училиштето планирани се две а некогаш и повеќе посети на часови во текот на учебната година од страна на педагогот и директорот. Изготвени се критериуми за реализација на успешен час според кои по следењето на часот се пополнува инструмент за следење на наставен час, и заеднички се врши анализа на текот на часот. Секогаш се истакнува добрата намера на укажаните забелешки и се даваат сугестии за нивно надминување. Но исто така се нагласуваат и позитивните согледување како мотивација за продолжување со професионален, креативен и одговорен приод кон реализацијата на наставните задачи и цели. Има и меѓусебно следење на наставни часови на ниво на стручни активи и помеѓу наставници ментори и наставници приправници.

3.3. Во училиштето се повеќе се настојува училниците и другиот училишен простор да биде стимулативна средина за учење. За потребите на учениците, за развивање на нивната креативна мисла и користење на слободното време, направено е катче за читање каде тие го поминуваат слободното време и се рекреираат. Во училниците за одделенска настава се уредени креативни центри според интересите на учениците по наставни предмети и учениците активно се вклучени во работата на тие центри. Изработените трудови од учениците се изложени во училниците, а некои во ходниците, со што се мотивираат учениците за докажување на сопствената креативност и уредност. Исто така ученици членови на историската секција го уредуваат етнолошкото катче, учениците од литературната секција својата креативна мисла ја преточуваат во збор преку изработка на ѕидни весници и изработка на литературни паноа, литературни читања, изведба на хорски и оркестарски композиции. Учениците ги уредуваат холот и ходниците на училиштето со рачни изработки во согласност со годишните времиња и

значајни датуми и планираните еко акции, а внатрешниот изглед на училишниот простор го красат ликовни композиции и уметнички мотиви изработени од учениците и наставниците по проекти од ликовна уметност.
Атмосферата на часовите е мотивирачка и се одликува со меѓусебна соработка, почит и одговорност, поставување прашања, одговарање и укажување, поттикнување на искуството од секојдневието до проширување на знаењата. Наставниците настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учење според нивните способности. Во редовната настава се вклучени 3 ученика, двајцата следат настава според индивидуални образовни планови а едниот ученик според Модифицирана наставна програма. Според потребите во процесот на учење е вклучен дефектолог, а за два ученика доделени се образовни асистенти кои им пружат поддршка на учениците и на наставниците во реализацијата на поставените цели. Обезбедена е пристапна рампа на влезот на училиштето и во училишниот простор. Заради непристапноста до училниците за кабинетска настава, прилагодена е една училница во подрумските простории за одделението во кое е ученикот со телесен инвалидитет. На приземјето е прилагоден простор за санитарна кабина со тоалет и простор за одржување на лична хигиена за ученикот со телесен инвалидитет. Учениците се поттикнуваат да превземаат одговорност и заеднички да ги решаваат проблемите, на ниво на одделенска заедница, или заедно со одделенскиот раководител. Постојат интеракциски односи меѓу учениците и возрасните во училиштето. Заедно ги осмислуваат и реализираат содржините за вонннаставни активности, а за постигањата заеднички се заслужни.

3.4. При запишувањето на учениците во I одд. педагогот, дефектологот и наставниците од комисијата за упис, во разговорот и непосредното набљудување на детето, доколку воочат одредени потешкотии во развојот, ги анализираат и разговараат со родителот, ги информираат за потребна дополнителна проценка на индивидуалниот развој на детето која ја прави комисија за проценка - МКФ со седиште во Скопје или Струмица. Понатаму се следи нивното напредување во наставата, резултати од тестови, контролни задачи. По потреба наставникот ги прилагодува барањата според можностите на ученикот. При премин од одделенска во предметна настава, предметните наставници се запознаваат со можностите и карактеристичните способности на учениците, како и со потребата од прилагодување на барањата. За ученици со мислење за неговите способности од комисија за проценка, наставниците изготвуваат индивидуален образовен план (ИОП).

Зависно од различните потреби на учениците, наставниците настојуваат да им овозможат секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара, со цел да се извлече максимумот од она што може да го постигне. При оценувањето на нивните постигања, ги поттикнуваат и охрабруваат за понатамошно ангажирање без да се потценуваат дека не можат да постигнат како другите.

3.5. Секој наставник при оценувањето поаѓа од законските одредби односно, описно и бројчано ги оценува постигањата на учениците зависно од одделението и возраста на учениците. Проверувањето се врши според целите на наставната програма, преку усно, писмено проверување, но зависно од карактерот на наставниот предмет и преку проверка на изработки и практични изведби. Евидентирањето на постигањата се врши во електронски дневник, во информации и анализи на писмени проверки (тестови, контролни задачи, писмени, работи, извештаи, портфолио). Оценувањето се врши на основа на Стандарди и критериуми за оценување изготвени од МОН по секој наставен предмет и според сопствен план на оценување. Според разликите во способностите на учениците, наставниците градат соодветен критериум на оценување кој треба да биде образложен и јасен за сите ученици и родители. Оценувањето се изведува преку усно и писмено проверување на знаењата и вештините на учениците, оценување на проекти, портфолио и извештаи.
Учениците за своите постигања од наставниците добиваат усни и писмени повратни информации, со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење но и на слабостите и начините како да ги надминат. Учениците од I-III одд. се оценуваат со описни оценки, од IV-VI се оценуваат комбинирано, описно на прво тримесечие, на крајот од прво полугодие и трето тримесечие, бројчано на крај на учебна година, додека учениците од VII-IX одд. се оценуваат бројчано.

3.6. Родителите редовно се информираат за постигањата на учениците усно преку непосредни контакти на отворен ден за соработка, родителски средби, телефонски контакти и писмено преку евидентен лист за постигнатиот успех по наставни предмети на тримесечие, на крајот на I полугодие и со свидетелство на крајот на учебната година. Истите информации родителите имаат можност да ги добијат и преку користење на електронскиот дневник кој редовно го пополнуваат наставниците. Солиден е бројот на родители кои ја следат евиденцијата и реализацијата на успехот и постигањата на нивните деца преку електронскиот дневник. Исто така во текот на годината наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации по изготвена домашна работа, писмена работа, контролни задачи, тестови и изработени проекти. За родителите на ученици кои имаат слаб успех или манифестираат несоодветно однесување, се одржуваат советувања, исто така се одржуваат индивидуални и групни советувања со самите ученици за намалување на успехот, за нередовност во наставата или за несоодветно однесување. Интересирањето на родителите за напредокот на нивното дете е секогаш прифатено од страна на училиштето. Со заедничка подршка на учениците се делува за надминување на проблемите доколку ги има и мотивирање на ученикот за повисоки постигања и поголема активност во процесот на учење и стекнување знаења и вештини. По потреба се вклучува ученикот во дополнителна или додатна настава, во работата на некоја секција за која има афинитети или пак заедно со помош на наставник се подготвува за учество на натпревари. Од оваа учебна година воведено е водење на педагошка евиденција за реализацијата на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности, која претставува дополнително оптоварување на наставниците со административна работа.

**4. Поддршка на учениците**

Оваа област е анализирана според 4 индикатори изразени низ соодветните теми:

*4.1. Севкупна грижа за учениците;*

*4.3. Следење на напредокот; понатамошно образование на учениците;*

*Здравје;*

4.1. Во училиштето има безбедни услови за престој на учениците на часовите во училниците и во другиот внатрешен простор. Со куќниот ред е одредено како да се однесуваат и да се движат учениците, на што да внимаваат за да не дојде до несакани физички повреди или нанесување материјални штети. Во претходните години кога беа воведени на светско ниво превентивни мерки заради пандемијата од Ковид вирусот, училиштето изготви посебни протоколи со кои беше регулиран престојот, влегувањето, излегувањето и движењето во училиштето. Скалите се безбедни, подот е добар во сите училници. Состојбата со мебелот задоволува. Струјните места се безбедни, поставени се противпожарни апарати на сите спратови, кои редовно се сервисираат од лиценцирана фирма, а за нивна правилна употреба во случај на пожар, обучени се тројца вработени во училиштето. И во подрачните училиште во Прдејци и Кованец има безбедни услови за работа и престој на учениците со промената на старите дрвени врати и прозорците, како и реновирањето на кровот. Училишниот двор во Негорци и Прдејци се осветлени и обезбедени со сигурносни камери, но има потреба бетонирање на дел од дворот. Училиштето има изготвено План за заштита и евакуација од елементерни непогоди и редовно се изведуваат симулации за заштита при земјотрес и пожар.

За превенција од насилство, училиштето има изготвено Училишна политика за ненасилно однесување со која се истакнува забраната за физичко и психичко малтретирање кое со ЗОО е пропишано. Истакнати се принципите и правилата одредени со Кодекс на однесување на учениците и вработените и задачите и улогата на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во превентивното делување и надминување на конфликтни и насилни ситуации. Училиштето е вклучено во проектот „Врснички форум театар против насилство во училиштата“ преку кој учениците и воспитно-образовниот кадар учествуваа на работилници и

презентација на снимени видеа во кои учествуваа и наши ученици. Исто така беа спроведени повеќе работилници за поддршка на менталното здравје на учениците.

За заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога, училиштето го применува Законот за пушење, односно забрането е пушењето во училишниот простор, со Етички кодекс на однесување на учениците и вработените, се истакнува забраната на пушење цигари, пиење алкохол и користење дрога. На одделенските часови, и на часови со содржини од оваа област се истакнува штетното влијание на овие пороци врз здравјето на младите личности кои се во развој и се едуцираат за превенција и заштита од болести кои ги наметнуваат спомнатите пороци. Посебно се организираат и предавања од стручни лица од МВР и лекари со презентација на видео материјал.

Во училиштето со прогласувањето на вонредни услови од пандемијата, не се организираше исхрана на учениците и вработените. Учениците кои следеа настава со физичко присуство си носеа оброк од дома, и последната година иако беа укинат мерките за заштита, во училиштето немаше организирано исхрана. Редовно се врши контрола во училиштето од страна на санитарна инспекција.

Во училиштето има еден ученик со телесни пречки во развојот. Изградена е пристапна рампа на влезот на училиштето и во училишниот простор за непречено движење на ученикот со помош на инвалидска количка до училницата каде ќе следи настава. Исто така направена е и санитарна кабина за потребите на ученикот и други лица со инвалидитет. Училиштето има изградено процедура за заштита на вакви деца и има обезбедено услови за нивно движење.

За ученици од социјално-загрозени семејства освен што им се доделува училишен прибор од МОН, училиштето поттикнува иницијатива за собирање прибор, облека или парични средства за помош. Училиштето соработува со Центар за социјални работи за обезбедување средства за помош.

4.2. Хигиената во училиштето се одржува редовно и одговорно. Обновени се санитарните јазли во трите училишта со што подобрен е изгледот но и хигиенските услови. Се врши редовна дезинфекција на просторот и на инвентарот. Постојано се укажува на учениците за правилно користење и одржување лична хигиена. Со воведувањето на вонредни услови поради пандемијата од Ковид 19, училиштето ги почитува и спроведува заштитните мерки пропишани со протоколи од МОН. Во училниците и во санитарните јазли има корпа за отпадоци, тоалет и средство за миење раце, дезинфекциони средства на влезот во училиштето, во сите училници, канцеларии и во тоалетите. Насекаде се поставени плакати со сликовити препораки за држење дистанца, носење маска и начин на миење раце. Не сите мерки од периодот на пандемијата зе актуелни оваа година, но некои навики и понатаму се практикуваат. Во Годишната програмата се планирани и содржини од подрачјето Грижа за здравјето на учениците со превенција од заразни болести а за давање прва помош при повреди има обезбедено најнеопходен санитетски материјал и обучени наставници.

Нема ученици со потешки здравствени проблеми.

За ученици со емоционални потешкотии училиштето соработува со семејството и по потреба со здравствени или социјални служби. Тоа се однесува на ученици кои го губат едниот родител, или имаат болен член во семејството.

4.3. Подрачјето Професионална ориентација се реализира низ содржините на задолжителна настава, воннаставни активности и преку соработка со средни училишта и други институции. Учениците од страна на наставниците и педагогот се информираат за видовите средно образование, струки, занимања и образовни профили. Добиваат совети за правилен избор на идното училиште во кое ќе го продолжат своето образование и за професионално определување. Преку тестови на интереси и способности деветоодделенците направија самопроценка и имаа можност да ги согледат своите предиспозиции за нивниот иден позив. Навреме добиваат информации за конкурсот на средните училишта во државата, критериумите и потребните документи за запишување. Неколку средни училишта непосредно вршат сопствена презентација со видео материјал, со флаери и отворени денови. Се анкетираат учениците за нивните интереси и желби за идно образование и со што сакаат да се занимаваат понатаму.

4.4. Напредувањето на учениците, постигањата и редовноста во наставата се следат континуирано од страна на одделенскиот наставник и одделенскиот раководител. Исто така,

секој предметен наставник води евиденција за напредувањето на учениците бележејќи ги сите резултати од учењето, активноста, исполнувањето на обврските и емоционалното и социјално однесување. Стекнатото мислење од страна на наставниците дополнето со мислењето од педагогот, дефектологот и директорот, им се пренесува на родителите. Во ученичко портфолио се собираат сите податоци и на тој начин родителот може да ја види целокупната активност и постигањата на своето дете.

Наставниците го анализираат напредокот на учениците во евидентни листови (за описно и бројчано оценување), и усно го пренесуваат стекнатото видување на стручни активи, одделенски и наставнички совет како и на родителски средби.

5. **Училишна клима**
6.

Оваа област е анализирана според 4 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*5.1. Училишна клима и односи во училиштето;*
*5.2. Промовирање на постигањата;*
*5.3. Еднаквост и правичност;*
*5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница;*

5.1. Училиштето во своето долгогодишно работење има изградено свој имиџ и важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование. Во општината и пошироко препознатливо е по воспоставена дисциплина во работењето на вработените и однесувањето на учениците. Со голема одговорност и посветеност во извршувањето на обврските, во соработка со другите субјекти во процесот на образование и воспитание на учениците, ја остварува мисијата и континуирано ги насочува, организира и реализира активностите кон остварување на визијата. Се грижи за безбедност и правилен развој на учениците. Иако по етничка припадност сите ученици и вработени се Македонци, училиштето ги негува принципите на родова сензитивност и мултикултурализам. Училиштето е вклучено во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието и наставниот кадар планира и реализира содржини од оваа проблематика. Со Годишната програма за работа на училиштето изготвен е план и програма за реализација на содржините од Проектот за меѓуетничка интеграција (МИО). На часовите од I до IX одд. се интегрираат содржини за почитување на етнички разлики и обележја во мултикултурно и мултиетничко општество. Повеќето содржини се застапени на часовите на одделенската заедница преку Програмата за животни вештини (15 содржини, односно наставни часови) и 14 (наставни содржини кои се реализираат низ часовите од задолжителна настава по предмети). Планирани се и повеќе работилници за прифаќање сличности и разлики, почитување на другите (недискриминација), комуницирање, извори и разрешување конфликти, изработка на проект-личен календар на празници, одмори и активности во текот на годината кај различни верски заедници, обичаи од различни краишта и различни етнички заедници, градење позитивен однос кон својата земја. Во нашето училиште веќе пет години условно е запишан (поради нерегулиран статус), ученик од Албанија и истиот е добро прифатен од учениците и наставниците и постои меѓусебно почитување и доверба. Нашето училиште има потпишано Меморандум за соработка со партнер училиште ООУ„Кочо Рацин“ од Дојран. Оваа учебна година беа реализирани заеднички активности на одредени наставни содржини преку работилници, спортско-рекреативни активности, културно забавни активности и меѓусебно дружење и комуникација меѓу ученици и наставници од македонска и турска припадност.

Училиштето ги почитува сите ученици независно од нивните способности и образовни потреби, и ја јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заеднички (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него.

Со Куќен ред и правила за однесување во училиштето се дефинирани правата и обврските на вработените и учениците во поглед на однесувањето во училиштето па и надвор од него.

Изготвен е Кодекс на однесување за наставниците, учениците и нивните родители, и кодекс за соодветна примена на компјутерите во наставата. За направени прекршоци во однесувањето односно непочитување на правилата, се изрекуваат педагошки мерки за учениците, кои за среќа се многу малку.

Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот. Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи и имаат подршка од директорот и педагогот како и учениците и нивните родители, во сите сфери на воспитно-образовна делување.Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол, етничка и верска припадност, социо-економски и емоционален развој.

Дисциплината во училиштето е солидна, а се должи на една традиција на одржување, поттикнување и свесно прифаќање на правила на однесување и меѓусебно почитување. На часовите има работна дисциплина, а на одморите преку дежурства на ученици, наставници и други вработени, се настојува движењето на учениците да биде во рамки на потребната безбедност. Посебно беа актуелни мерките за заштита од Ковид 19, на кои сите одговорно се придржувавме. Поведението кај сите ученици е примерно. Најмалите ученици се примаат при доаѓање и се испраќаат по завршувањето на часовите. При обиди за нарушување на дисциплината на часот или на одморите, реагираат авторитетно наставникот, одделенскиот раководител, а по потреба и директорот и педгогот па во зависност од престапот се постапува според Правилник за изрекување педагошки мерки.

Учениците се информираат за некои активности и задачи кои се планираат а се од нивен интерес, и зависно од содржината и карактерот може да се вклучат во нивното остварување и донесување одлуки.

5.2. Училиштето иако е од основен степен на развиеност според бројот на паралелките, наоѓа можност и капацитет во малиот број ученици кои се истакнуваат со солидни знаења и вештини. Нив ги мотивира за постигање на повисоки резултати освен низ задолжителната настава и на часови од додатна настава. Повеќето наставници настојуваат својот кабинет односно училница да ја уредат како стимулативна средина за учење со цел да поттикнат поголема дисциплина и повисоки постигања кај учениците. Заслугите и успесите се истакнуваат и пофалуваат, а творбите и другите изработки се истакнуваат во училницата или во другиот училишен простор.

Училиштето организира ученички натпревари и учествува на натпревари од општинско, регионално и државно ниво. Со големи ангажирања на учениците заедно со наставниците постигнуваат резултати, а училиштето има традиција за пофалување и наградување на учениците најчесто со книга или училишен прибор. Се прогласува ученик на генерација и се наградува со книга и пригоден подарок, а од Градоначалникот на општината парично се наградува. Наставниците јавно се пофалуваат за постигнатите резултати на Државни натпревари со доделување благодарници. Скромно, но сепак поттикнувачки и мотивирачки за понатамошно ангажирање за повисоки постигања. Освен на натпревари, учениците своите лични креативни способности ги изразуваат и преку активно учество во работата на слободните ученички активности, на литературни и ликовни конкурси, на јавни манифестации од културно-забавен карактер и друго. Недостигот на сала за јавни манифестации претставува проблем за квалитетно презентирање на учениците со настапи од културно-забавен карактер, но за таа цел се користи културниот дом во населеното место, кој сеуште не е целосно уреден и опремен.

5.3. Учениците се запознаваат со своите права и обврски низ наставните содржини од задолжителна настава и преку програмата за образование на животни вештини. Им се укажува дека треба да не дозволуваат да им бидат нарушени нивните права, но меѓусебно да ги почитуваат и правата на другите. Во училиштето од страна на вработените се почитуваат правата на децата и им се укажува на родителите и тие да ги почитуваат истите.

Сите вработени имаат подеднаков третман кон сите ученици независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и способности и истиот третман настојуваат да го наметнат и меѓу учениците. Тоа е застапено во наставниот процес и во вонанаставните активности.

Во училишетето сите ученици и вработени се Македонци, но сепак при реализацијата на содржините на наставната програма се истакнува почитувањето на етничката, верска, културна и

јазична разноликост. Исто така се гради почитување на културата и традицијата на нашата држава но и почитување на туѓите култури и традиции.

5.4. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми. Индивидуални контакти, посебни и општи родителски средби, отворен ден за соработка, советување на родители и друго. За реализација на некои содржини и предавања се вклучуваат родители стручни за соодветната област и се вклучуваат во организирање обуки за соработка со училиштето. Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот повремено одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето, и дава идеи и предлози за одредени прашања. Училиштето изготвува и доставува до родителите Информатор за целокупната организација на воспитно-образовната работа, а со воведувањето на е-дневник и родителите можат да ја следат евиденцијата на реализацијата на наставната прогама, редовноста, како и напредувањето на своето дете, односно успехот и поведението.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето.

Во реализацијата на наставните и вонnаставните активности, училиштето соработува со деловни заедници од населбата и пошироко. Соработката се состои во посети и добивање информации за нивниот процес на работа, добивање помош во вид на наставни средства и помагала. А со невладини организации има соработка по нивна инициатива за организирање акции, предавања, посети, работилници и сл.

7. **Ресурси**

Оваа област е анализирана според 5 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*6.1. Сместување и просторни капацитети;*
*6.2. Наставни средства и материјали;*
*6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар;*
*6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар;*
*6.5. Финансиско работење во училиштето;*

Училиштето има солидни просторни услови за реализирање на наставните и воннаставни активности. Училниците и кабинетите имаат стандардна големина и одговараат на бројот на ученици во паралелките. Сите паралелки имаат своја училница а исто така и секој наставен предмет освен француски јазик за што се користат кабинетите по другите предмети. Има фискултурна сала и спортски игралишта, музички кабинет кој се користи и за презентации, предавања за ученици или родителски средби. Има кујна и трпезарија кои од периодот на воведени вонредни мерки за заштита од Ковид 19 до денес не се целосно искористени бидејќи нема организирана исхрана за учениците. Во иднина потребни е да се извршат уште некои работи за задоволување на потребните стандарди. Има канцеларии за наставници, за директор, секретар, педагог, просторија за работа со ученици со ПОП и училишна библиотека. Тоалетите за вработените, соблекувалните и санитарни јазли за учениците се во добра состојба.
Јасно се распоредени училниците и има рационална искористеност во работењето. Исто така и фискултурната сала е максимално искористена според распоред на часовите од нижите и вишите одделенија, но истата е со не функционален под. Капацитетот на училиштето овозможува работа во една смена.
Подрачните училишта во Прдејци и Кованец исто така имаат солидни просторни услови со 2 училници во кои се изведува комбинирана настава, канцеларија и санитарни тоалети, а во училишниот двор игралиште за спортски активности.

6.2.Училиштето располага со стручна литература од сите области и настојува да набави она што е неопходно и корисно за дополнителни содржини и сознанија по сите наставни

предмети. Исто така и состојбата со наставни средства и помагала континуирано се подобрува во зависност од средствата со кои располага училиштето. Се анкетираат наставниците за потребни наставни средства, помагала, материјали и стручна литература, па потоа се врши набавка на најпотребните. Со лаптопи за учениците опремени се 3 училници за одделенска настава во Негорци и една во подрачното училиште во Прдејци, со компјутери се опремени 6 кабинети за предметна настава и сите канцеларии. Некои наставници имаат лаптопи,а во сите училници наставниците имаат персонални компјутери и телевизори, а интернетот е достапен и за учениците и за вработените. Во 6 кабинети вклучувајќи ги и подрачните има принтери а во 2 кабинети има и интерактивни смарт табли. Пет кабинети и 3 канцеларии во централното училиште се климатизирани.
Училишната библиотека располага со 11198 книги во кои се и лектирните изданија. Работи 2 дена во неделата и има еден одговорен наставник. Исто така се ангажираат и ученици членови на библиотекарската секција. Има уредна евиденција и компјутер со пристап до интернет. Ја користат не само учениците туку и средношколци и студенти од населеното место како и наставниците. Оваа година набавени се 120 лектири со што е овозможено секој ученик да може да користи лектира од училиштето.
Навреме се планира и набавува потрошен материјал за потребите на наставниот процес (хартија, хамер, креди, бои, тонер, пенкала, фломастери, стиропор и други материјали.

6.3. Бројот на вработени во училиштето е 33 и одговара на потребите. Од нив 24 се наставници (одделенски и предметни). Уште 2 наставника од други училишта дополнуваа кај нас а 6 дополнуваат во други училишта. Скоро сите се со соодветна стручност. Освен наставниците во училиштето има директор, педагог, специјален едукатор и рахабилитатор, секретар, одржувач на парно греење и четири хигиеничари. Сите вработени одговорно ги извршуваат своите работни задачи. Распоредувањето на кадарот се врши пред почетокот на наставата според потребите и стучноста.

Во училиштето има вработен педагог и специјален едукатор и рехабилитатор како стручни соработници кои се отворени за соработка со наставниците, учениците и нивните родители. Работните задачи ги извршуваат според сопствените програми. Учествуваат во планирањето и организирањето на наставата и вонннаставните активности, соработуваат со наставниците, директорот и родителите во разрешување на проблеми кај учениците, вршат советодавна работа и водат евиденција за реализирани активности, го следат напредокот на учениците и наставниот процес. Вршат испитувања, анкети, анализи, извештаи, учествуваат во изготвување на Годишна програма, Развоен план, Самоевалуација на училиштето, Полугодишен и Годишен извештај. Учествуваат на семинари и обуки за професионален развој и сл. Членови се на инклузивниот училишен тим и инклузивните тимови за учениците со ПОП.

6.4. Училиштето ги почитува законските одредби за професионален развој на наставниците и овозможува сите да учествуваат на организираните форми на стручно усовршување. Задолжително учествуваат на семинарите кои ги организира БРО и обуки во организација на акредитирани провајдери и проекти во кои е вклучено училиштето. Оваа учебна година сите наставници и стручни соработници учествуваа на задолжителни две обуки, и сруги обуки по сопствен избор. Се врши анкетирање на потребите за личен професионален развој, а потоа се изготвува План за професионален развој на ниво на училиште. Сите наставници водат свое портфолио.

6.5. Финансиското работење во училиштето е во согласност со законските одредби. Директорот и секретарот во училиштето ги планираат потребните финансии, го запознаваат Училишниот одбор со буџетот и неговото трошење.
Не само Училишниот одбор, и другите вработени се информираат за училишниот буџет и неговото трошење. При планирањето на буџетот се консултираат сите учесници во работата на училиштето за да се проценат потребите за подобар квалитет во наставата и развој на училиштето. на училиштето.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

Оваа област е анализирана според 2 индикатори изразени низ соодветните теми:

*7.1. Управување и раководење со училиштето;*
*7.2. Цели и креирање на училишна политика;*

7.1. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е формиран согласно законските одредби и Статутот на училиштето. Го сочинуваат 7 членови кои ги одржуваат состаноците со присутни мнозинство на членови и според Програмата за работа. Во работата на Училишниот одбор учествуваат, без право на глас и двајца ученици, претставници од Ученичкиот парламент, посебно на состаноци кои се однесуваат на ученички активности и се од интерес на учениците Училишниот одбор има воспоставено соработнички односи со директорот на училиштето и редовно информира за донесени одлуки.

Раководниот орган професионално и одговорно ги извршува задачите и активностите кои се планирани со Програмата. Соработува со наставниците, педагогот, учениците и нивните родители, како и со други воспитно-образовни институции и локалната заедница. Своите ангажирања ги насочува кон остварување на сопствената визија и визијата на училиштето, и преку тимска работа ги вклучува сите субјекти во остварување на целите и подобрување на квалитетот на наставата. При донесувањето одлуки поаѓа од општиот напредок на училиштето и ги почитува интересите на учениците и вработените.

7.2. Мисијата и визијата на училиштето се соодветни на образовната политика на ниво на држава. Независно од способностите и образовните потреби, на секој ученик му се овозможува да постигне хармоничен развој, да се оспособи за понатамошно образование и личен напредок. Во остварувањето на целите, училиштето ги информира и другите субјекти (родители, локална заедница) и истите ги третира како рамноправни партнери за заеднички успех и просперитет. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење, инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови насилства, посебно меѓуврсничко насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн.

При одредување на стратегијата за идни активности, училиштето преку анкети, интервјуа и непосредни контакти добива мислење од вработените, родителите и учениците, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за подобрување на работењето.

Училиштето со Развоен план ги има дефинирано развојните цели кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето, а сето тоа се сведува на повисок квалитет на наставата, постигање повисоки знаења и вештини и поголема грижа за здравјето,зајакната демократска клима и подобри услови за работа. Тие се јасно дефинирани со развојни задачи, активности, и индикатори за успешност. Со планот за евалуација се планираат начините на следење и вреднување на остварувањето на развојните цели. Запознаени се наставниците, учениците, родителите и локалната заедница и заеднички настојуваат истите да се реализираат.

Користејќи ги постоечките извори на податоци, постапки и инструменти за собирање на истите, резултатите покажаа дека училиштето во голема мера застапува јаки страни, а ги намалува слабите страни. Според извршената самоевалуција комисијата донесе одредени предлог-мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, со што ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење. Тие ќе бидат планирани со Развојниот план за следните 4 години и Годишната програма на училиштето. Тоа се :

1. Обезбедување современи услови за квалитетно одвивање на наставата (комплетно опремување на кабинетот по информатика со компјутери, опремени кабинети со интерактивни смарт табли и таблети/лаптопи за учениците);
2. Опремување на кабинетот по биологија и хемија според национални стандардите за реализирање на наставата;
3. Набавка на неопходни наставни средстава, посебно за реализирање на новата наставна програма од I до VI одд;
4. Организирање обуки за воспитно-образовниот кадар за професионален развој и стекнување соодветни компетенции според плановите за личен развој;
5. Поттикнување на наставниците за активно вклучување во изборот на содржините во Наставната програма со своите искуства и стручност почитувајќи ги возрасните можности и способности на учениците;
6. Континуирано и задолжително вклучување на образовни/лични асистенти за поддршка во наставата на ученици со посебни образовни потреби;
7. Поголема соработка со родителите за вклученост во воспитно-образовниот процес и поттикнување на учениците за извршување на училишните обврски за стекнување трајни знаења;
8. Овозможување безбедност, сигурност, правилен емоционален развој и психосоцијална поддршка на учениците;
9. Обезбедување средства за мотивирање и наградување на учениците и наставниците за постигнати резултати;
10. Промена на кровната покривка над фискултурната сала и другите помошни простории;
11. Реновирање на подот во спортската сала;
12. Опремување катче/сензорна соба за ученици со посебни потреби;
13. Поставување на разладни уреди во сите училници за овозможување нормално одвивање на наставата во летниот период;
14. Поттикнување на Училишниот одбор, за предлагање иницијативи и носење одлуки за подобрување на условите во училиштето и организацијата на наставата и вонаставните активности;
15. Вклучување на родителите преку Совет на родители во детектирање на подрачјата на промени и приоритетите со развојното планирање на училиштето;
16. Почитување на Кодексот на однесување од страна на учениците во училиштето (посебно за носење соодветна облека и користење на мобилни телефони ).

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до Вд директорот на училиштето и до основачот.

Комисија за самоевалуација :

Наставници:
Венци Попов
Јованка Тодоровска

Педагог: Љубица Танова
Дефектолог: Слаџана Ѓоргиева
Родител: Ристо Демерџиев

Дата: 06.07.2023 год.